РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА
ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
Број 12
Датум 19.06.06
Скопје

Друштво за менаџмент и консалтинг
АМЕРИКАН КОЛЕЏ ДОО
Бр. 09-641
29.06.2006 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 26 и член 42 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија", број 64/2000 и 49/03), Одборот за акредитација на 46-та седница одржана на 18.05.2006 година донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за акредитација на Проектот за основање на високообразовна установа Универзитет „Американ колеџ" во Скопје**

1. Се прифаќа и акредитира Проектот за основање на приватната високообразовна установа Универзитет „Американ колеџ" во Скопје (во натамошниот текст: Универзитетот), согласно членовите 35 и 36 од Законот за високото образование и Правилникот за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и вршење високообразовна дејност.

2. Седиштето на Универзитетот е во Скопје, на III-та Македонска бригада, б.б.

3. Основач на Универзитетот е "Американ Колеџ" ДОО за менаџмент и консалтинг-Скопје(во натамошниот текст: основачот), со седиште на ул.3-та Македонска бригада б.б.

4. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за студиските програми од прв степен на факултетите со траење од три години:

- Факултет за деловна економија и организациони науки;
- Факултет за правни науки;
- Факултет за политички науки и јавна администрација; и
- Факултет за странски јазици;

По завршените тригодишни студии од став 1 на оваа точка студент кој ги заврши додипломски студии од прв степен на наведените факултети се стекнува со диплома :

- дипломиран економист по деловна администрација;
- дипломиран политиколог;
- диплома по јавна администрација;
- дипломиран филолог;

Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава и за студиските програми од студиите на високите стручни школи со траење од три години:

- Висока школа за архитектура и дизајн; и
- Висока школа за компјутерска техника и информатика.

По завршените тригодишни студии од став 1 на оваа точка студент кој ги заврши додипломски студии од прв степен на наведените високи стручни школи се стекнува со диплома :

- високо стручно образование, специјалист по архитектура
- високо стручно образование, специјалист по компјутерски науки и информатика.

5. Акредитацијата од точка 5 на ова решение се дава за Универзитетот во целост како правно лице и одделно за секој факултет и висока стручна школа како организациона единица во негов состав.

6. Со ова решение не се дава акредитација на последипломските студии наведени во Проектот.

7. Со денот на влегувањето во сила на ова решение, престанува да важи Решението за прифаќање и акредитација на Проектот за основање на приватна високообразовна установа Факултет за деловна економија и организациони науки, „Американ Колеџ" - Скопје, донесено на 39-та седница на Одборот за акредитација одржана на 28.11.2005 година. Факултет за деловна економија и организациони науки продолжува со работа како - Факултет за деловна економија и организациони науки со статус на единица во состав на Универзитетот. Студентите запишани на овој факултет продолжуваат според истите студиски програми на соодветниот факултет на Универзитетот.

9. Основачот е должен во целост да го реализира Проектот од точка 1 на ова решение по однос на исполнетоста на условите за вршење на високообразовна дејност во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи за вршење на високообразовна дејност ("Службен весник на Република Македонија", број 33/03), одделно за секој факултет и висока стручна школа во негов состав и во целина за Универзитетот.

10. Основачот може да врши запишување на студенти, откако во целост ќе ја спроведе постапката за основање на двата нови факултети и на двете високи стручни школи и на Универзитетот во согласност со Законот за високото образование, односно откако ќе добие решение за почеток со работа од Министерството за образование и наука, ќе изврши запишување на универзитетот и на факултетите и високите стручни школи во состав на Универзитетот во Регистарот на високообразовни установи на Република Македонија, како и на Универзитетот во судскиот регистар кај надлежниот суд, по што универзитетот се стекнува со статус на правно лице и право да врши високообразовна дејност.

Забраната од став 1 на оваа точка не се однесува на Факултетот за деловна економија и организациони науки „Американ Колеџ" - Скопје.

11. Со денот на уписот на Универзитетот во Регистарот на високообразовни установи и регистарот на другите правни лица се брише Факултет за деловна економија и организациони науки „Американ Колеџ" - Скопје од овие регистри и престанува како правно лице. Правата и обврските на Факултет за деловна економија и организациони науки, „Американ Колеџ" - Скопје ги превзема Универзитетот „Американ Колеџ" - Скопје.

12. Според условите дадени во Проектот, на Универзитет може да се запишат во Скопје најмногу до 1.000 вкупно редовни и вонредни студенти, под услов основачот целосно да го обезбеди просторот, опремата и наставниот кадар предложени во Проектот. Во овој број се вклучени и студентите студентите запишани на Факултет за деловна економија и организациони науки „Американ Колеџ" - Скопје во учебната 2005/2006 година.

13. Со денот на влегувањето во сила на ова решение основачот има право да ги превземе само оние активности кои се потребни за спроведување на Проектот за основање на Универзитетот и да ја информира јавноста за содржината на ова Решение како и за активностите шти ги превзема за основање на Универзитетот и на факултетите и високите школи во неговиот состав.

Основачот нема право ова Решение да го користи за информирање на јавноста дека е основан Универзитетот и факултетите и високите школи во неговиот состав или дека се исполнети условите за вршење на вискообразовна дејност на Универзитетот и факултетите и високите школи кои треба да се основаат во неговиот состав ниту на било која начин да ја доведува во заблуда јавноста дека е можен упис на студенити или да превзема било какви други активности се до добивањето на решение од Министерството за образование и наука дека се исполнети условите за вршење на високообразовна дејност.

14. Ако основачот постапи спротивно на т.13 од ова решение се овластува Претседателот на одборот на акредитација да го повлече ова решение и да го стави во мирување и да го извести Министерот за образование и наука да ја запре натамошната постапка на основање на Универзитетот.

15. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување а ќе се применува со денот на дадената гаранција согласно законот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

По поднесеното барање на Универзитетот "Американ колеџ" во Скопје, за прифаќање и акредитација на Проектот на универзитет со 4 факултети и две високи стручни школи во неговиот состав како приватната

високообразовна установа “Американ колеџ” во Скопје, Одборот за акредитација формира експертска комисија која подготви експертски извештај и го достави до членовите на Одборот за акредитација.

Одборот за акредитација го прифати и акредитира проектот и елаборатот за основање на 4 факултети и две високи стручни школи во состав на Универзитетот “Американ колеџ” во Скопје, врз основа на исполнетоста на условите согласно Законот за високото образование и Правилникот за нормативи и стандарди за основање високообразовни установи и вршење високообразовна дејност.

Одборот за акредитација на 48-та седница одржана на 19.06.2006 година, расправаше по барањето на Универзитетот “Американ колеџ” во Скопје и по доставениот проект и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Прилог кон ова решение се стручните забелешки на Одборот за акредитација кои треба да ги усвои наставно-научниот совет на Универзитетот, односно сенатот.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОРОТ ЗА
АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО
ОБРАЗОВАНИЕ
Проф .д-р Тито Беличанец